РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-947/4
06-08-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението од својата 8-ма седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-947/1 од 01.03.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-947 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-947/1 од 01.03.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за неправилности при изборот во наставно – научно звање во доцент на /// на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација од Државен просветен инспекторат на РСМ и од увидот во доставеното произлезе дека предметот нема елементи за натамошно постапување. Државниот просветен инспекторат на РСМ извршил вонреден инспекциски надзор во горе означениот универзитет, со цел

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

испитување на наводите од пријавата, при што не констатирал неправилности во изборот во наставно – научно звање во доцент на горе означеното службено лице. Службеното лице се стекнало до звање дипломиран правник на Правниот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје во /// година. На истиот факултет и универзитет, службеното лице се стекнало со звање магистер по меѓународно право и меѓународни односи во /// година, а со звање доктор на општествени науки од областа на национална и меѓународна безбедност и меѓународни односи, се стекнало на Меѓународниот славјански универзитет во Св. Николе на Воената академија. Од страна на /// била донесена Одлука за објавување конкурс за избор на еден наставник во областите ///, ///, /// и ///; била донесена Одлука бр. /// од /// година за формирање на рецензиона комисија за избор/реизбор на еден наставник во овие звања, бил изготвен реферат бр. /// од /// година, објавен во универзитетскиот билтен бр. /// и била донесена Одлука бр. /// од /// година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања – претходно наведени од /// година. Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државниот просветен инспекторат на РСМ констатирал правилно спроведена постапка за избор на горе означеното службено лице во научното подрачје /// – ///, ///, /// и ///, бидејќи областа правни науки според Меѓународната фраскатиева класификација спаѓа во подрачјето општествени науки.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б. К. Ш., член